Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 5**

**30.05.2011**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен**

1.Ја објавувам За објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен донесена на седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 27.05.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-395/1** **Општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***280.*** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ ,, бр. 5/02) член 4 став 3 и член 7 став 1 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ,, бр. 79/09) член 11 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02;4/05 и7/09) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на _27.05.2011 година донесе

**О Д Л У К А**
**За воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен**

Член 1

Се воспоставува меѓуопштинска соработка, помеѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен, а за вршење на определени надлежности од областа Внатрешна ревизија и инспекциски надзор од областа на градењето-градежна инспекција.

Член 2

Меѓуопштинската соработка опфаќа извршување на работите определени во член 1 од страна на Општина Демир Хисар за сметка на Општина Ресен.

Член 3

Меѓуопштинската соработка ќе се остварува преку склучување на Договор за вршење на определени работи од страна на Општина Демир Хисар за сметка на Општина Ресен врз основа на член 9 став 2 алинеја 2 од Законот на меѓуопштинска соработка.

Член 4

Направените трошоци поврзани со меѓуопштинската соработка односно трошоците кој ќе произлезат од вршењето на Внатрешна ревизија и инспекцискиот надзор од овластен градежен инспектор за сметка на Општина Ресен ќе ги сноси Општина Ресен.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 394/2** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Ангелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за определување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителски услуги**

1.Ја објавувам Одлуката за определување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителски услуги донесена на седницата на Совет на општина Демир Хисар одржана на 27.05.2011 година донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.05.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-395/2** **Општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***281.*** Врз основа на член 21 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на РМ„ бр.62/04 година), член 2 од Законот за измени и дополнувања на Законот за угостителска дејност („Службен весник на РМ„ бр.53/11 година), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02 година) и член 43 точка 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр.3/02 година), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.05.2011 година донесе

О Д Л У К А
за определување на висината на надоместокот
за добивање на лиценца за вршење на угостителски услуги

Член 1

Со оваа Одлука се определува висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење угостителски услуги во кабаре, ноќен бар , диско клуб и диско клуб на отворен простор и начинот на наплата.

Член 2

За добивање на лиценца за давање на услуги угостителот плаќа надоместок за:

- кабаре - во денарска противвредност од 2.500 евра;
- ноќен бар - во денарска противвредност од 5.000 евра;
- диско клуб и диско клуб на отворен простор - во денарска противвредност од 7.000 евра.

Член 3

Надоместокот од член 2 се уплатува 50% на сметка на Буџетот на општината и 50% на Буџет на РМ во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РМ на денот на уплатата.
Лиценцата се добива после доставување на соодветна документација за уплатени средства.

Член 4

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителски услуги бр. 07-837/4 од 02.12.2005 година („Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр.8/2005).

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар„.

**Бр. 07-394/3** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Анѓелески с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за укинување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за укинување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.05.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-395/3** **Општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***282.*** Врз основа на член 265 од Законот за општа управна постапка ( Сл.Весник на РМ, бр.38/05), а во врска со Одлуката за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар, со бр.07-976/3 од 30.11.2010 година, Советот на општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
За укинување на Одлуката за отпочнување на изработка на локална урбанистичкапланска документација за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар

1. 1.Со оваа одлука се понуштува одлуката за отпочнување на изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Д.Хисар.
2. Составен дел на оваа одлука е и согласноста од страна на барателот „Агрофарм“ ДООЕЛ од Демир Хисар;
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 1 алинеја 6 Законот за именување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање(Сл. Весник на РМ бр. 91/09 г), се даваше можност за изработка на ЛУПД за уредување и користење на една градежна парцела во и вон плански опфат. Притоа, беше поднесено барање на „Агрофарм“ ДООЕЛ од Демир Хисар, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-51/1 од 30-11-2010 година за изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетиот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Д.Хисар. Согласно законските прописи и текот на постапката, се донесе одлука на совет за отпочнување на изработка на ЛУПД за истото. Меѓутоа, следеа измени и дополнувања на Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Сл.Весник на РМ; бр. 18/2011 г) со кои беше укината можноста за изработка на ЛУПД во плански опфат, а согласно член 13а од истиот закон дозволено е предмет на планирање да биде и една градежна парцела, а може да се врѓи изменување и дополнување во рамките на една парцела. Поради овие измени на законот, за да се продолжи со текот на постапката, потребно е да се донесе одлука за отпочнување со изработка на измени и дополнување на урбанистички план за с.Суводол, со опфат кој останува ист од одлуката која се поништува.

Поради ова, се одлучи како во диспозитивот на одлуката.

***Бр.07-394/4*** — ***Совет на општина Демир Хисар***
***30.05.2011 година*** — ***Претседател,***
***Демир Хисар*** — ***Љупчо Ангелевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2011 година**

1.Ја објавувам Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2011 година донесена на седницата на Совет на општина демир Хисар одржана на 27.05.2011 година донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.05.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-395/4** — **Општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** — **Градоначалник**
**Демир Хисар** — **Тони Ангелевски с.р.**

***283***.Врз основа на член 13-а и член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 60/11, -пречистен текст), а во врска со член 22 став 1 точка 1 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.05.2011год. донесе

**О Д Л У К А**

***за дополнувања на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2011год.***

**Член 1**

Во Програмата за донесување на Урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2011год., се додава нова глава V, која се однесува на Урбанистички планови во населено место, во која се додава точка бр.1 и која гласи:

V.-Урбанистички планови во населено место

**- Точка бр. 1 -** се однесува на изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Суводол-Кутретино, за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар, со намена Г-2- лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 1230, 1235, 1234, 1236, 1237, 1238 и делови од катастарските парцели 1231, 1233, 1229 и 1227- сите КО Суводол, општина Демир Хисар, со точна површина која ќе се утврди со изработката на Измените и дополнувањата на УП за с.Суводол, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука. Измената на Програмата се врши на барање на „Агрофарм“ ДООЕЛ од Демир Хисар.

**Член 2**

Согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 3**

Програмата влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник
на Општина Демир Хисар.

***Бр.07-394/5*** — ***Совет на општина Демир Хисар***
***30.05.2011 година*** — ***Претседател,***
***Демир Хисар*** — ***Љупчо Ангелевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на измени и дополнување на УП за с.Суводол-Кутретино за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на измени и дополнување на УП за с.Суводл-Кутретино за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводл, Демир Хисар донесена на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.05.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-395/5** **Општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

***284*** Врз основа на член 26 точка 5, член 13-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 60/11, -пречистен текст), член 22 став 1 точка 1 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 27.05.2011год. донесе

**О Д Л У К А**
за отпочнување на изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Суводол-Кутретино, за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар

**Член 1**
Се отпочнува со изработка на Измени и дополнувања на Урбанистички план за с.Суводол-Кутретино, за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар, со намена Г-2- лесна и незагадувачка индустрија, на КП бр. 1230, 1235, 1234, 1236, 1237, 1238 и делови од катастарските парцели 1231, 1233, 1229 и 1227- сите КО Суводол, општина Демир Хисар, со точна површина која ќе се утврди со изработката на Измените и дополнувањата на УП за с.Суводол, согласно графички прилог кој е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**
Составен дел на оваа одлука е и согласноста од страна на барателот „Агрофарм" ДООЕЛ од Демир Хисар.

**Член 3**
Оваа одлука се донесува се врши на барање на „Агрофарм" ДООЕЛ од Демир Хисар, доставено до општина Демир Хисар, бр. 11-51/1 од 30-11-2010 год., а согласно чл. 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на локалната урбанистичка планска документација **документација** за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол, Демир Хисар.

**Член 4**
Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Сл. гласник на Општина Демир Хисар

***Бр.07-394/6*** ***Совет на општина Демир Хисар***
***30.05.2011 година*** ***Претседател,***
***Демир Хисар*** ***Љупчо Ангелевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалана самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/02 година/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /"Службен гласник на општина Демир Хисар" бр.3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за зимско одржување за сезона 2010/2011 година донесен на седницата на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 27.05.2011 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 08-395/6** **Општина Демир Хисар**
**30.05.2011 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** **Тони Ангелевски с.р.**

**285.** Врз основа на член 92 од Статутот на општина Демир Хисар „Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02; 4/05 и 7/09„ Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 27.05.2011 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај**

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата при Општина Демир Хисар за сезона 2010/2011 година.

2. Заклучокот влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-394/7** **Совет на општина Демир Хисар**
**30.05. 2011 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** ***Љупчо Анѓелески с.р***

---

**С О Д Р Ж И Н А**

**1.** Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Демир Хисар и Општина Ресен------------------1
**2.** Одлука за определување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителски услуги---2
**3.** Одлуката за укинување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводол Демир Хисар--------------------------------------------2-3
4. Одлуката за дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2011 година---------------3
5. Одлуката за отпошнување на изработка на измени и дополнување на УП за с.Суводл-Кутретино за изградба на градби за проширување на капацитетот за работа на мешовито фармерство во с.Суводл, Демир Хисар ------------3
6, Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Планот за зимско одржување на патиштата за зимско одржување за сезона 2010/2011 година-------------------------4

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник Тони Ангелевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**